Министерство за економија

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

Скопје, Февруари 2012 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Процесот на трансформација на општествениот капитал, односно приватизацијата на државниот капитал во Република Македонија се реализира согласно следните закони:

- Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (“Службен весник на Република Македонија” бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/2007),

- Закон за приватизација на државниот капитал (“Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/00, 06/02 и 74/05),

- Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 100/05).

- Закон за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 98/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007)

- Закон за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници – Ц.О. Скопје (“Службен весник на Република Македонија” бр. 29/05),

- Закон за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. ),

- Закон за изменување и дополнување на Законот за култура (“Службен весник на Република Македонија” бр. 49/03),

- Закон за здравствена заштита (“Службен весник на Република Македонија” бр. 10/04 и 65/06),

- Закон за установите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/05 и 120/05),

- Закон за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009 и 83/2010),

- Уредба за постапката за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Република Македонија (“Сл. Весник на РМ.“ бр. 32/03, 41/04, 89/05 и 69/10)

- Уредба за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал (“Службен весник на Р.М.“ бр. 105/2010)

Со престанувањето на Агенцијата на РМ за приватизација, согласно Законот за изменување и дополнување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/03) надлежностите на Агенцијата преминаа во четири различни институции: Министерство за финансии, Фонд за ПИОМ, ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор и Министерство за економија.

Согласно член 11 од овој закон, на Министерството за економија му се пренесени:

“Надлежностите, правата и обврските на Агенцијата утврдени со овој закон кои не се пренесуваат на, односно преминуваат на субјектите од член 7, 8 и 9 од

овој закон, по 31 март 2005 година, преминуваат во Министерството за економија.

Согласно точката 5. од Одлуката на Владата на Република Македонија за утврдување на делбениот биланс на Агенцијата на Република Македонија за приватизација бр. 19-3574/1 од 23.09.2005 година:

"Надлежностите на Агенцијата на Република Македонија за приватизација што се однесуваат на завршувањето на започнатите, а незавршени постапки за трансформација на претпријатијата со општествен капитал се пренесуваат на Министерството за економија.

Надлежностите што се однесуваат на водењето на судските постапки кои се однесуваат на трансформацијата на претпријатија со општествен капитал, се пренесуваат на Министерството за економија".

Согласно член 7, став 1 и 2 од Законот изменување и дополнување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/03) и член 1 од Законот изменување и дополнување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04) на Фондот за ПИОМ му се пренесоа "Акциите и уделите издадени на Агенцијата и Република Македонија врз основа на овој закон и Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, кои нема да се продадат до 31 декември 2004 година, се пренесуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

На Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија се пренесуваат и акциите и уделите со кои ќе се стекне Република Македонија согласно овој закон по 31 декември 2004 година."

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2010) со кој е изменет членот 172-а, како и со Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите од вкупниот капитал стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 105/2010) се предвидени органите, начинот и постапката за продажба на акциите и уделите во сопственост на Фондот за ПИОМ по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Со последната измена на Законот за приватизација на државниот капитал ("Службен весник на Република Македонија" бр. 74/05), приватизацијата на државниот капитал се врши согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, доколку со посебен закон поинаку не е уредено. Имајќи ја предвид оваа одредба, која при спроведување на постапките за продажба на државниот капитал упатува на примена на одредбите од ЗТПОК, органот кој ја спроведува постапката се соочува со потешкоити при практичата примена на одредбите од овие законски прописи. Во постоечките закони од областа на приватизацијата и посебните закони кои ја уредуваат приватизацијата на одредени правни субјекти кои вршат дејности од јавен интерес (установи, јавни претпријатија) се пропишани посебни одредби за приватизација, во кои е констатирана неусогласеност во поглед на начинот на спроведување на постапката, органите задолжени за спроведување на постапката, терминолошка неусогласеност и постапување на различни органи за спроведување на исти или слични постапки). Заради меѓусебно усогласување на предметните закони, особено во делот на терминологијата, спроведувањето на постапките за трансформација, односно приватизација, органите кои учествуваат во спроведување на постапките, донесување на соодветни акти, како и регулирање на жалбената постапка, потребно беше да се донесе ново законско решение со кои ќе се унифицира постапката за продажба на државниот капитал, изразен во акции и удели. Од таа причина

Предлог законот содржи одредба за обврска за изменување и дополнување на предметните закони во насока на нивно усогласување.

Исто така, со последните измени на Законот за приватизација на државен капитал е извршено изменување на термините “Агенција на РМ за приватизација“ со ’Министерство за економија“ што не е случај со Законот за ТПОК, кој се уште оперира со две нивоа на постапување и одлучување, односно со термините “Директор на Агенцијата“, “Управен одбор на Агенцијата“, кои во примената на законот оставаат можност за нивно толкување и создаваат проблеми при утврдување на надлежноста на органот кој ја спроведува постапката.

При реализацијата на продажбата на акциите на РМ и на Фондот за ПИОМ во дел од друштвата органот кој спроведува постапката се соочува со потешкотии при спроведувањето на постапката за продажба, имајќи го предвид ограничувачкиот катактер на одредбите од предметните закони, не можноста постапката да се спроведе во две фази, банкарската гаранција за учество, начинот на утврдување на почетната продажна цена на акциите, жалбената постапка и.т.н.

Процесот на трансформација на претпријатија со општествен капитал во Република Македонија се смета дека е скоро завршен, бидејќи со измената и дополнувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (“Службен весник на Република Македонија” бр.31/03) односно во член 14, став 2 е наведено дека: “Над претпријатијата кои до 31.03.2005 година, нема да ја отпочнат постапката за нивна трансформација, се спроведува ликвидација согласно со Законот за трговски друштва.”

Имајќи ги предвид горенаведените законски одредби како и неприменливоста на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во денешни услови и правила за тргување со акции и удели, сметаме дека со донесување на нов закон треба да престане примената на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, како и Законот за приватизација на државниот капитал, кој во делот на спроведувањето на постапките упатува на примена на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е со истиот да престане примената на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал и да се донесе нов Закон кој ќе го уреди на соодветен начин управувањето и располагањето со државниот капитал во трговските друштва во Република Македонија

Законот чие донесување се предлага се засновува врз следните начела:
- транспарентност;
- недискриминација;
- пропорционалност;
- ефикасност;
- еднаквост и
- предвидливост.

Предвидените решенија од Законот чие што донесување се предлага се во насока на:

1. Дефинирање на државниот капитал, односно државниот капитал изразен во акции и удели во трговските друштва во Република Македонија

2. Определување на надлежен орган за донесување на одлука за продажба на државен капитал, како и содржината на одлуката

3. Начинот на управување со државен капитал, преку полномошник определен од страна на Владата на Република Македонија, а на предлог на надлежен министер

4. Уредување на начинот и постапката за располагање со државен капитал по пат на јавна берзанска аукција и јавен повик

5. Начинот на утврдување на почетна продажна цена на државниот капитал и услови за намалување на цената

6. Составот и надлежноста на Комисијата за спроведување на јавен повик

7. Правото на правна заштита против одлуките за избор на најповолна понуда при спроведување на јавен повик за продажба на државниот капитал

8. Евиденција на државниот капитал

9. Ликвидација на субјектите кои ја немаат завршено постапката за сопственичка трансформација и нивно бришење од соодветниот регистар

10. Пренос на надлежност на Фондот за ПИОМ за следење на плаќањата на запишани акции и удели согласно договорите за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и договорите за приватизација на државен капитал

11. Обврска за овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на РМ за упис на акциите кои се водат на име на Агенција за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Агенцијата на РМ за приватизација на име на Фондот за ПИОМ

12. Обврска за овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на РМ, врз основа на добиено писмено известување од страна на Владата на Република Македонија да извршат промена на уписот на акциите и уделите во трговските друштва, заради потреба од прецизирање на титуларот, со додавање на зборовите: “Република Македонија –“ пред називот на субјектите

13. Усогласување на законите чии одредби упатуваат на примена на предметните два закона кои со овој закон престануваат да важат.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот за управување и располагање со државен капитал не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Овој Предлог закон не содржи одредби кои имаат потреба од усогласување со Правото на ЕУ, односно со регулатива на други правни системи.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување
### Член 1

Со овој закон се уредува управувањето, условите, начинот и постапката за располагање со државниот капитал, како и неговата евиденција.

За она што не е уредено со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност, Законот за договорен залог и Законот за облигационите односи.

### Цел
### Член 2

Целта на овој закон е да овозможи ефикасно управување и располагање со државниот капитал врз основа на начелата на транспарентност, еднаквост, ефикасност, недискриминација, предвидливост и пропорционалност.

### Дефиниции
### Член 3

За потребите на овој закон, изразите употребени во законот го имаат следното значење:

- **Управување** со државниот капитал е остварување на акционерските и содружнички права во друштвата во кои Република Македонија има акции, односно удели, во согласност со закон,
- **Располагање** со државниот капитал е продажба, или друг начин на располагање, во согласност со закон,
- **Продавач** е Владата на Република Македонија,
- **Купувач** е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за купопродажба на државен капитал или лице кое се стекнало со државниот капитал, предмет на продажба преку јавна берзанска аукција,
- **Јавна берзанска аукција** е продажба на државниот капитал на берза со утврдување на почетна продажна цена на една акција/удел и наддавање до постигнување на највисока пазарна цена,
- **Јавен повик** е продажба на државниот капитал врз основа на претходно објавен повик за прибирање на понуди до поголем број на понудувачи,
- **Тендерска документација** е збир на податоци, документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата за продажба на државен капитал на јавен повик, или на јавна берзанска аукција;
- **Отворена постапка** е постапка во која, врз основа на објавен јавен повик, секое домашно и странско правно и физичко лице, или група на такви лица, има право да поднесе понуда за купување на државен капитал,
- **Ограничена постапка** е постапка во која, врз основа на објавен јавен повик, секое домашно и странско правно и физичко лице, или група

на такви лива има право да поднесе пријава за учество, а само избраните кандидати се поканувaат да поднесат понуда за купување на државен капитал,

- **Кандидат** е секое правно и физичко лице, или група на такви лица кои доставиле пријава за учество во ограничена постапка;
- **Пријава за учество** е предлог на кандидатот со кој ја докажува својата лична состојба, техничка или професионална способност, финансиска и економска состојба како услов за добивање на покана за доставување на понуда во ограничена постапка;
- **Понудувач** е секое правно или физичко лице, или група на такви лица кои поднеле понуда;
- **Понуда** е предлог од понудувачот изготвен врз основа на јавниот повик и тендерската документација и претставува основ за склучување на договор за купопродажба на државен капитал;
- **Евалуација на понуда** е оцена на поднесена понуда во постапката за склучување на договор за купопродажба на државен капитал;
- **Прифатлива понуда** е понудата која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања, критериуми и услови од јавниот повик и тендерската документација,
- **Договор за купопродажба на државен капитал** е договор за купопродажба на акции или удели во кој се уредуваат меѓусебните права и обврски на купувачот и продавачот на државен капитал, изразен во акции и удели.

Член 3-а 4

Државен капитал во смисла на овој закон е влог на Република Македонија (Влада на Република Македонија, органи на државната управа, други органи на државната управа и управни организации) во трговските друштва и/или банките и финансиските институции (во натамошниот текст: друштва), изразен во акции или удели, стекнат врз основа на закон, или по друг основ во согласност со закон.

Под државен капитал во смисла на овој закон се смета и влогот на единките корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија (институциите од областа на образованието и науката, културата, детската заштита, социјалната заштита, судството и обвинителството и други единки кои се финансираат преку корисникот на Буџетот на Република Македонија од таа област) во трговските друштва и/или банките и финансиските институции изразен во акции или удели, стекнат врз основа на закон, или по друг основ во согласност со закон.

Член 3-б 5

Акциите и уделите во сопственост на јавните претпријатија основани од државата, како и акциите и уделите во сопственост на трговските друштва во кои субјектите од член 3-а 4 на овој закон имаат акции и удели, не се сметаат за државен капитал во смисла на овој закон.

Со акциите и уделите од став 1 на овој член, јавните претпријатија основани од државата и субјектите од член 3-а 4 на овој закон располагаат на начин пропишан со посебен закон, а по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

Под државен капитал во смисла на овој закон не се сметаат акциите и уделите во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и јавните претпријатија

основани од општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и трговските друштва во кои овие субјекти имаат акции и удели.

Субјектите од став 3 на овој член, со акциите и уделите во трговските друштва, управуваат и располагаат на начин пропишан со посебен закон.

По исклучок, акциите и уделите во сопственост на субјектите од став 3 на овој член може да се продаваат заедно со државниот капитал, при што соодветно се применуваат одредбите од овој закон.

## II. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

### Член 4 6

Со државниот капитал управува и располага Владата на Република Македонија, доколку со посебен закон не е поинаку определено.

Владата на Република Македонија донесува годишна Програма за управување и располагање со државниот капитал.

Владата на Република Македонија е надлежна да:

- одлучува за условите, начинот и критериумите за продажба на државниот капитал;
- одлучува за почетната продажна цена на државниот капитал,
- одлучува за давање претходна согласност за продажба на акциите и уделите од член 3-б 5, став 2
- одлучува за продажбата на државниот капитал одделно и/или заедно со акциите и уделите во сопственост на субјектите од член 3-б 5, став 1 и 3 од овој закон, врз основа на договор склучен со овие субјекти, ~~Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија~~;
- одлучува за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката во случај на продажба на државниот капитал по пат на јавен повик, на предлог на надлежното министерство,
- одлучува за поништување на постапката за продажба на државен капитал, пред порамнување на берзанската трансакција, на предлог на надлежното министерство,
- назначува полномошници во друштвата во кои Република Македонија има државен капитал;
- одлучува за начинот и условите за засновање на заложно право на државниот капитал, и
- одлучува и врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Постапката за продажба на државниот капитал, во име на Владата на Република Македонија, ја спроведува министерството надлежно за областа во која друштвото, чии акции или удели се продаваат, врши претежна дејност (во понатамошниот текст “надлежно министерство“), доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Постапката за продажба на државниот капитал изразен во акции во банките и финансиските институции, ~~како и постапката за продажба на акциите и уделите резервирани за поранешни сопственици~~, ја спроведува Министерството за финансии, на начин и во постапка утврдена со овој закон.

## III.УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

### Член 5 7

Владата на Република Македонија ги остварува правата на содружник, или акционер во друштвото со:

- гласање на собирот на содружници, или на собранието на акционери,
- давање на предлози на собирот на содружници или на собранието на акционери;
- следење на работењето на друштвото;
– соработка со органите на друштвото; и
– на други начини во согласност со прописите со кои се уредуваат правата и обврските на содружниците или акционерите.

Правата од став 1 на овој член Владата на Република Македонија ги остварува преку полномошник, овластен од страна на Владата на Република Македонија, на предлог на надлежниот министер.

За полномошник на државниот капитал може да биде овластено секое физичко лице кои ги исполнува условите согласно Законот за трговските друштва.

Полномошникот од став 2 на овој член ги остварува правата на содружник или акционер на собирот на содружници, односно собранието на акционери во согласност со закон и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија

За својата работа, полномошникот доставува годишен извешатај до Владата на Република Македонија, заклучно со месец април секоја година за претходната година, или по потреба на барање на Владата на Република Македонија.

Образецот на полномошното за претставување на државниот капитал го пропишува министерот за економија.

## IV.РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

### 1.Начин на продажба на државниот капитал
Член 6 8

Државниот капитал се продава по пат на:
1) јавна берзанска аукција, или
2) со јавен повик.

Продажбата од став 1, точки 1) и 2) на овој член завршува со порамнување на берзанска трансакција.

Државниот капитал може да се продава заедно со акциите и уделите во сопственост на субјектите од член 3-б 5 став 1 и 3 од овој закон, ~~на Фондот за пензиско и инвалидското осигурување на Македонија~~ заради продажба на мнозински пакет, согласно одредбите на овој закон.

Начинот и постапката за продажба на државниот капитал, содржината на објавите и огласите, како и критериумите за учество во постапката и критериумите за евалуација и избор на понудите поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија.

### Одлука за продажба на државен капитал

Член 7 9

За продажба на државниот капитал, Владата на Република Македонија, на предлог на надлежниот министер, донесува одлука.

Одлуката од став 1 на овој член содржи особено:
- начинот и видот на постапката за продажба на државниот капитал,

- број на акции/удел кои се предмет на продажба и нивно процентуално учество во главнината на друштвото, потврдени со извод од состојба од сметката на Република Македонија издадена од овластен депозитар за хартии од вредност, или од Централниот регистар на Република Македонија,

- назив, адреса и дејност на друштвото чии акции и удели се предмет на продажба,

- условите за продажба на државниот капитал,

- критериуми за учество на кандидатите/понудувачите при продажба на државниот капитал по пат на јавен повик,

- критериумите за утврдување на способност на кандидатите, доколку државниот капитал се продава по пат на јавен повик со ограничена постапка,

- критериумите за евалуација и избор на најповолна понуда,

- почетната продажна цена на државниот капитал,

- начин на плаќање,

- бројот на акции/удели на субјектите од член 3-б 5, став 1 и 3 од овој закон~~Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија~~, доколку истите се продаваат заедно со акциите и уделите во сопственост на Република Македонија,

- составот на Комисијата за спроведување на постапката, и

- надлежно министерство за спроведување на постапката.

Во случај кога државниот капитал во друштвото се продава заедно со акции и удели на субјектите од член 3-б 5, став 1 и 3 од овој закон~~Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија~~ во тоа друштво, по донесување на одлуката од став 1 на овој член, надлежниот министер склучува договор со лицето овластено за застапување на овие субјекти ~~Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија~~, заради заедничка продажба на акциите и уделите.

Право на купување
Член 8 10

Во купувањето на државниот капитал можат да учествуваат домашни и странски, правни и физички лица или група на такви лица.

Начин на плаќање
Член 9 11

Државниот капитал предмет на продажба согласно со овој закон се изразува во ЕВРА, а ~~може да~~ се плаќа со денари.

Приход од средствата остварени со продажба на државниот капитал
Член 10 12

Средствата остварени од продажбата на државниот капитал се приход на Буџетот на Република Македонија, освен средствата остварени од продажба на акциите и уделите на субјектите од член 3-б 5 на овој закон, ~~Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија~~ се приход на овие субјекти ~~Фондот~~.

Почетна продажна цена на државниот капитал
Член 11 13

Почетната продажна цена на државниот капитал се утврдува со избор на еден од следните начини:

1) според пазарна вредност на државниот капитал, изразен во акции, или

2) според проценетата вредност на државниот капитал.

Пазарна вредност од став 1 точка 1) на овој член значи утврдување на почетната продажна цена како проста аритметичка средина на официјалните дневни просечни цени на хартијата од вредност во период од последните шест месеци за деновите во кои имало тргување со таа хартија од вредност доколку со акциите на друштвото се тргува на организиран пазар за хартии од вредност, сметано до денот на донесувањето на одлуката за продажба од член 7 на овој закон.

Доколку со акциите на друштвото од став 2 на овој член немало тргување во период од последните шест месеци, во тој случај за почетна продажна цена се зема простата аритметичка средина на официјалните дневни просечни цени на хартијата од вредност, во период од последните дванаесет месеци за деновите во кои имало тргување со таа хартија од вредност, сметано до денот на донесување на одлуката за продажба од член 7 на овој закон.

Проценета вредност на државниот капитал од став 1 точка 2) на овој член значи утврдување на почетната продажна цена од страна на овластен проценител, според прописите кои ја регулираат дејноста на процена на трговско друштво.

Почетната продажна вредност на државниот капитал изразен во удели се утврдува согласно став 4 на овој член, или според нивната номинална вредност.

Намалување на почетната продажна цена на државниот капитал
Член 12 14

Владата на Република Македонија може да донесе одлука за намалување на почетната продажна цена на државниот капитал кога државниот капитал нема да се продаде според пазарната, односно според проценетата вредност.

Во случај кога државниот капитал нема да биде продаден по утврдената почетна проценета, односно пазарна цена, Владата на Република Македонија може да донесе одлука за продажба на државниот капитал по пониска почетна продажна цена, намалена за 20% од цената по која државниот капитал бил понуден на претходната продажба. Доколку државниот капитал не се продаде

Во случај кога државниот капитал се продава по проценета вредност, намалувањето од став 2 на овој член може да врши најмногу во рок од една година од изготвување на последната процена на вредноста на друштвото. Во случај на повторна продажба на државниот капитал по истек на овој рок, за друштвото се изготвува нова процена.

Продажба во пакет или во делови
Член 13 15

Продажбата на државниот капитал се врши во пакет или во делови (лотови).

1а. Продажба по пат на јавна берзанска аукција
Член 14 16

Продажбата на државниот капитал се врши на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (во натамошниот текст Берза).

Продажбата на државниот капитал по пат на јавна берзанска аукција, се врши во согласност со актите за тргување на акциите и уделите донесени од страна на Берзата.

Налогот за продажба го издава надлежниот министер.

Објавување на продажбата по пат на јавна берзанска аукција
Член 15 17

Продажбата на државниот капитал по пат на јавна берзанска аукција се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден од дневните весници што излегуваат во Република Македонија, најдоцна 14 календарски дена пред почетокот на продажбата.

Објавата од став 1 на овој член може истовремено да се објави и во дневен весник што излегува на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија, а по потреба и во меѓународно јавно гласило.

Објавата од став 1 на овој член се објавува и на веб страницата на Македонската берза за хартии од вредност, и на веб страницата на надлежното министерство, најдоцна 14 календарски дена пред почетокот на продажбата.

Содржината на објавата од став 1 на овој член поблиску ја пропишува, Владата на Република Македонија со прописот од член 6 8, став 4 од овој закон.

16. Продажба по пат на јавен повик
Член 16 18

Државниот капитал се продава по пат на јавен повик, во случај кога Владата на Република Македонија, покрај цената на државниот капитал предвидува и исполнување на други услови за избор на најповолна понуда.

Условите од став 1 на овој член, ги утврдува Владата на Република Македонија со актот од член 7 9 од овој закон.

Јавниот повик може да се спроведе како отворена постапка или ограничена постапка, во согласност со овој закон.

Објавување на продажбата по пат на јавен повик
Член 17 19

На објавувањето на продажбата по пат на јавен повик соодветно се применуваат одредбите на член 15 17 став 1 и 2 од овој закон.

Јавниот повик од став 1 на овој член се објавува и на веб страницата на надлежното министерство.

Содржината на јавниот повик од став 1 на овој член поблиску ја пропишува Владата на Република Македонија со прописот од член 6 8, став 4 од овој закон.

Отворена постапка
Член 18

Отворената постапка се спроведува во една фаза.

Крајниот рок за поднесување на понудите не може да биде покус од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик во "Службен весник на Република Македонија".

Минималниот број на понудувачи треба да е најмалку еден.

Член 19

На спроведувањето на отворената постапка соодветно се применуваат одредбите од членовите 24 26, 25 27, 26 28, 27 29 и 28 30 од овој закон.

Ограничена постапка
Член 20 22

Ограничената постапка се спроведува во две фази:

- прва фаза (фаза на преткваликификација), во која се врши избор на кандидати кои поднеле пријава за учество, врз основа на критериумите за утврдување на способност на кандидатот; и

- втора фаза, во која се врши евалуација на понудите кои се поднесени од избраните кандидати, врз основа на критериумите за евалуација и избор на најповолна понуда.

Утврдување на способност на кандидатот во смисла на овој закон е постапка во која Комисијата за спроведување јавен повик утврдува листа на избрани кандидати, врз основа на критериумите определени во одлуката за продажба на државен капитал.

Член 21 23

Крајниот рок за поднесување на пријавите за учество не може да биде покус од 15 дена од денот на објавувањето на јавниот повик во “Службен весник на Република Македонија“.

Член 22 24

Секое заинтересирано лице може да поднесе пријава за учество во првата фаза од ограничената постапка.

Надлежното министерство ги наведува во јавниот повик податоците од одлуката од член 7 9 на овој закон, како и правилата што ќе се применуваат на спроведување на постапката, минималниот број на кандидати што има намера да ги избере и доколку е потребно, максималниот број на кандидати.

Минималниот број на кандидати што има намера да ги избере треба да е најмалку еден.

Член 23 25

По завршување на првата фаза, Комисијата од член 25 27 од овој закон, изготвува извештај за утврдување на способноста на кандидатите со листа на избрани кандидати (ранг листа), кој го доставува до надлежниот министер.

Врз основа на извештајот на Комисијата, Владата на Република Македонија, на предлог на надлежниот министер, донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе се достави писмена покана за поднесување на понуди.

Комисијата за спроведување на постапката, преку надлежниот министер е должна да ја испрати поканата за поднесување на понуди во втората фаза од ограничената постапка до сите избрани кандидати истовремено.

Рокот за доставување на понуди во втората фаза од ограничената постапка не може да биде пократок од 40 дена.

Комисијата за спроведување на постапката, преку надлежниот министер не смее во втората фаза од ограничената постапка, да покани лице кое не поднело пријава за учество во првата фаза или не ги исполнило критериумите за утврдување на способност.

Содржината на извештајот од став 1 на овој член и на поканата од став 3 на овој член поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија.

Гаранција за учество на јавниот повик
Член 24 26

Учеството на јавниот повик е условено со доставување на гаранција за учество во вид на депонирани средства или банкарска гаранција која не може да биде помала од 5 % од почетната продажна цена на државниот капитал.

Доколку понудувачот гаранцијата ја дава во вид на депонирани средства, истите ги уплатува на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка.

Гаранцијата од став 1 им се враќа на понудувачите, освен на прворангираниот понудувач, најдоцна 7 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

Гаранцијата од став 1 на овој член ќе биде наплатена во корист на Република Македонија, ако:

- понудувачот ја повлече понудата, по завршување на рокот за доставување на понуди;
- прворангираниот понудувач одбие да го склучи договорот за купопродажба;
- во други случаи определени со тендерската документација за продажба на државен капитал по пат на јавен повик.

Комисија за спроведување на постапката за продажба
по пат на јавен повик
Член 25 27

Постапката за продажба на државниот капитал по пат на јавен повик ја спроведува Комисија за спроведување на постапка (во натамошниот текст: Комисија), формирана од страна на Владата на Република Македонија, со актот од член 7 од овој закон, а на предлог на надлежниот министер.

Комисијата од став 1 на овој член се состои од претседател и најмалку четири члена и нивни заменици од областа на економијата, правото и други релевантни области, во зависност од областа во која друштвото, чии акции или удели се продаваат, ја врши претежната дејност.

Во работата на Комисијата може да учествуваат надворешни стручни лица, без право на глас. За учеството на надворешни стручни лица во работата на Комисијата, Владата на Република Македонија одлучува со актот од член 7, алинеја 11 од овој закон.

Членови на Комисијата не можат да бидат лица кои:

- се во брачна врска, роднинска врска до второ колено или се поврзани со посвојување или старателство со кандидатот/понудувачот, со неговиот законски полномошник, а во случаите кога кандидатот/понудувачот е правен субјект, членовите на комисијата се поврзани со членови на неговите управни, надзорни или други органи;

- во текот на последните три години биле вработени или биле членови на органите на управување или органите на надзор на кандидатот/понудувачот;
- се во друг законски однос со кандидатот/понудувачот;
- со правосилна одлука им е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, за времето додека траат правните последици од мерката,
- со правосилна судска одлука се осудени заради финансиски престап, измама или корупција на безусловна казна затвор над шест месеци, за времето додека траат правните последици од осудата.

Непочитувањето на одредбите на став 4 од овој член, е основ за ништовност на договорот за купородажба.

Комисијата на седниците работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

Администеративните работи за потребите на Комисијата ги врши надлежното министерство.

Надлежност на Комисијата
Член 26 28

Комисијата ги врши следните работи:

- подготвува тендерска документација, вклучувајќи го и нацрт договорот за купопродажба на акции/удел;
- ја објавува продажбата на државниот капитал по пат на јавна берзанска аукција, односно го објавува јавниот повик преку надлежното министерство;
- организира прием на пријавите за учество, односно понудите;
- ја утврдува способноста на кандидатите за купување на државен капитал, определува кандидати кои имаат право да го продолжат учеството во постапката за купување, во случај кога јавниот повик се спроведува по пат на ограничена постапка;
- доставува покана до кандидатите за поднесување на понуди во втората фаза на ограничената постапка, преку надлежното министерство,
- ја утврдува способноста на понудувачите;
- дава појаснувања и доставува дополнителни информации и документи;
- ги разгледува понудите, врши евалуација на понудите и врши рангирање на понудувачите со предлог за прворангираниот да биде избран за најповолен понудувач;
- изготвува извештај за евалуација на понудите;
- изготвува ранг листа на понудувачи,
- поднесува предлог за поништување на постапката;
- ги врши сите други работи потребни за спроведување на постапката.

Тендерската документација, на предлог на надлежниот министер, ја одобрува Владата на Република Македонија.

Одлука за избор на најповолна понуда
Член 27 29

Врз основа на извештајот за евалуација на понудите и ранг листата на понудувачи, надлежниот министер и предлага на Владата на Република Македонија да донесе одлука за избор на најповолна понуда, или предлог за поништување на постапката.

Врз основа на одлуката од став 1 на овој член, договорот за купородажба го склучува надлежниот министер, по претходно овластување од страна на Владата на Република Македонија.

~~Договорот за купопродажба од став 2 на овој член претставува основ за дозволен нетрговски пренос согласно овој закон, заради промена на сопственоста во овластен депозитар за хартии од вредност.~~

Надзор над реализацијата на договорот од став 2 на овој член врши надлежното министерство.

Одлука за поништување на постапката

Член 28 30

Владата на Република Македонија ќе ја поништи постапката за продажба на државен капитал по пат на јавен повик, ако:

- се дознаат такви околности, кои доколку би биле познати пред започнување на постапката за продажба на државен капитал не би се објавил јавниот повик, или јавниот повик суштински би се разликувал, или

- нема ниту една пристигната понуда до истекот на рокот за доставување на понуди, или

- нема доставено ниту една прифатлива понуда.

Владата на Република Македонија, преку Комисијата, е должна без одлагање да му ја достави на секој понудувач одлуката за поништување на постапката за продажба на државен капитал, на начин со кој може да се докаже доставата.

Од денот на доставата на одлуката за поништување на постапката на секој понудувач, почнува да тече рокот од 15 дена за поднесување на жалба.

Нова постапка за продажба на државен капитал може да се поведе откако одлуката за поништување на постапката ќе стане конечна.

Одлука за поништување на постапката за придажба на државен капитал по пат на јавна берзанска аукција може да се донесе до порамнување на берзанската трансакција.

Заложно право

Член 29 31

На државниот капитал изразен во акции и удели може да се заснова заложно право, на начин и во постапка утврдена со закон.

За заснoвањето заложно право од став 1 на овој член, одлучува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии.

## V. ЕВИДЕНЦИЈА

Член 30 32

Централниот регистар на Република Македонија, во име и за сметка на Република Македонија води евиденција во електронаска форма на државниот капитал во трговските друштва во Република Македонија.

Надлежното министерство, во рок од 3 дена од реализација на продажбата на државен капитал го известува Централниот регистар на РМ за извршената продажба, заради евиденција на промената на сопственоста на државниот капитал.

За продажбата на државен капитал изразен во акции, овластениот депозитар за хартии од вредност, веднаш по порамнувањето на берзанската

трансакција го известува Централниот регистар на РМ заради евидентирање на промена во сопственоста на државниот капитал изразен во акции.

Формата и содржината за водење на евиденцијата од став 1 на овој член ги пропишува министерот за економија.

## VI. ПРАВНА ЗАШТИТА И НАДЗОР

### Правна заштита
### Член 31 33

Против одлуката од член 27 29 од овој закон за избор најповолна понуда и против одлуката од член 28 30 за поништување на постапката, незадоволните понудувачи имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на одлуката.

Против одлуката од член 23 25, незадоволните кандидати можат да поднесат жалба во рок од 15 дена од приемот на одлуката за избор на најповолна понуда  до органот од став 1 на овој член.

На постапката пред Државната комисија ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Жалбата од став 1 и 2 на овој член го одлага потпишувањето на договорот за купопродажба.

### Заштита на капиталот
### Член 32 35

Во случаите кога постои основано сомнение за оштетување на државниот капитал се врши финансиска, сметководствена и правна контрола над законитоста на постапката за продажба на државниот капитал, изразен во акции и удели.

Контролата од став 1 на овој член ја врши Министерството за финансии – Управа за јавни приходи или овластени ~~независни~~ ревизорски друштва ~~овластени од министерот за финансии~~.

Контролата се врши по барање на државен правобранител, јавен обвинител, инспекциски орган и Владата на Република Македонија.

При вршењето на контрола субјектите над кои се врши контрола се должни на надлежните органи да им ја стават на увид целокупната потребна документација.

По извршената контрола се составува извештај со наод и мислење и истиот се доставува до поднесувачите на барањето од став 3 на овој член на нивна надлежност.

Ако со контролата се оцени дека е оштетен државнот капитал, државниот правобранител или јавниот обвинител покренуваат соодветна судска постапка, односно постапка пред надлежните органи за утврдување и надомест на штета.

### Увид во документација
### Член 33 35

Органите на државната управа, судовите, Државното правобранителство на Република Македонија, Јавното обвинителство,

Државната комисија за спречување корупција, Народниот правобранител и другите државни институции и органите на единиците на локалната самоуправа, вештаци назначени од суд, како и правни и физички лица со утврден правен интерес имаат право на увид и прибавување на копие од документацијата на поранешната Агенција на Република Македонија за приватизација, која се наоѓа во Државниот архив на Република Македонија, на начин, во постапка и според условите на работењето на Државниот архив.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Примена на одредби

### Член 34 36

На постапките за продажба акции и удели отпочнати пред влегувањето во сила на овој закон, за кои јавниот повик е во важност на денот на влегувањето во сила на овој закон, како и на договорите склучени пред започнување на примената на овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 74/2005) и Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07).

### Упис и бришење

### Член 35 37

Над претпријатијата кои не ја завршиле трансформацијата на општествениот капитал согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал или со посебен закон и до денот на влегување во сила на овој закон не се запишале како трговско друштво во Централниот регистар на Република Македонија ќе се спроведе постапка за ликвидација согласно Законот за трговските друштва и истите се бришат од соодветниот регистар.

Постапка за ликвидација и бришење од соодветниот регистар ќе се спроведе и над претпријатијата кои врз основа на посебен закон можеле да ја отпочнат постапката за трансформација на општествениот капитал, а тоа не го сториле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 36 38

Постапката за бришење од член 35 од овој закон ја спроведува Централниот регистар на Република Македонија преку едношалтерскиот систем.

### Член 37 39

Управата за јавни приходи, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, до Централниот регистар на Република Македонија ќе достави предлог за бришење од соодветниот регистар на субјектите од член 35 37 од овој закон и за истите ќе достави до Централниот регистар на Република Македонија преглед во електронска форма. Централниот регистар на Република Македонија по внесувањето на податоците од доставениот преглед во својата база на податоци, објавува оглас на својата веб страница со кој се повикуваат нивните управители, органи на управување и доверители во рок од 30 дена од објавување на огласот да поднесат предлог за

отворање на постапка за ликвидација или стечај над субјектите од членот 35 37 на овој закон. За поднесените предлози за отворање на постапка за ликвидација или стечај, подносителите се должни да го известат Централниот регистар на Република Македонија во писмена форма.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, Централниот регистар на Република Македонија ќе ги избрише од соодветниот регистар сите субјекти за кои нема да бидат поднесени предлози за отворање на постапка за ликвидација или стечај.

Централниот регистар на Република Македонија на својата веб страница го објавува бришењето на субјектите и истото по електронски пат го доставува до Управата за јавни приходи заради нивно бришење од базата на податоци на Управата за јавни приходи.

Средствата за спроведување на бришењето од страна на Централниот регистар на Република Македонија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 38 40

По завршување на постапката за бришење од член 37 39 од овој закон, сите средства од сметките на избришаните субјекти се пренесуваат на трезорска сметка на Буџетот на Република Македонија, а остатокот од имотот се пренесува на Република Македонија.

Член 39 41

Субјектите од членот 35 37 на овој закон чиишто сметки се блокирани и се водат во Управата за јавни приходи се бришат од соодветниот регистар по спроведена постапка за стечај согласно со Законот за стечај.

Управата за јавни приходи поднесува предлози за поведување стечајна постапка над субјектите согласно со одредбите од Законот за стечај, а средствата за авансирање на постапката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Доколку од имотот на субјектите од членот 35 37 на овој закон, за кои се платени средства за авансирање на постапката за стечај од Управата за јавни приходи, не можат во целост да се намират трошоците на постапката за стечај, должни се разликата да ја надоместат лично, солидарно и неограничено лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор над субјектите од членот 35 37 на овој закон, во согласност со одредбите од Законот за стечај.

Пренесување на надлежност

Член 40 42

Надлежностите на поранешното Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија произлезени од член 89-а од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07), член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/03) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04) и Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и

Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/97 и 6/2002) пренесени со Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 105/09) во надлежност на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија, продолжува да ги врши ова акционерско друштво, на начин утврден со прописите од овој став, се до донесување на посебен закон.

Со посебниот закон од став 1 на овој член ќе се уреди надлежноста на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија во поглед на управувањето со средствата (објекти, машини и друга опрема) стекнати врз основа на прописите од став 1 на овој член и ќе се пропише постапката за располагање со овие средства.

Пренесување на надлежност на Владата на Република Македонија

Член 41 43

Започнатите постапки пред Комисијата за приватизација според прописите од член 40 42 став 1 на овој закон, ќе се завршат во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон, според прописите кои важеле во времето на нивното започнување.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, Комисијата за приватизација престанува да постои, а нејзините надлежности се пренесуваат на Владата на Република Македонија.

Со прописот од член 40 42 на овој закон ќе се уреди и надлежноста и начинот на постапување и одлучување на Владата на Република Македонија, од став 2 на овој член.

Против одлуките на Владата од став 3 од овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Известување за судски постапки

Член 42 44

За започнатите судски постапки во кои поранешната Агенција за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Агенцијата на Република Македонија за приватизација, односно нејзините правни наследници се тужители или тужена страна, или на друг начин се учесници во постапката, Државното правобранителство на Република Македонија, на секои три месеци ја информира Владата на Република Македонија

Промена на упис Акции и удели резервирани за поранешни сопственици

Член 43 45

~~Овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Македонија, акциите и уделите кои се запишани на име на буџетските корисници од прва линија (освен Фондот за ПИОМ, општините, јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата или општините) во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги запишат на име на Република Македонија.~~

Промената на уписот, овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Македонија, кај субјектите од став 1 на овој член ќе ја извршат со додавање на зборовите: “Република Македонија – “, пред називот на секој од субјектите утврден во листата од став 3 на овој член.

Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии, во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон, ќе достави до овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Македонија листа со податоци за акциите и уделите во сите трговски друштва, за кои ќе се изврши промена на уписот на начин предвиден во став 2 на овој член.

Централниот регистар на Република Македонија и овластениот депозитар за хартии од вредност, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон, акциите и уделите запишани на име на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Агенцијата на Република Македонија за приватизација, ќе ги запишат на име на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Од денот на влегување во сила на овој закон, на име на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување Министерство за финансии се запишуваат и акциите и уделите резервирани за обезбедување на поранешни сопственици, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Врз основа на правосилна одлука според прописите за денационализација со која е уважено барањето на сопственикот, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување му ги предава на сопственикот сопственикот акциите, уделите, дивидендата, недвижнит имот како и закупнината и другите погодности, намалени за трошоците.

Ако барањето од став 3 на овој член не е уважено, акциите, уделите, дивидендата, односно недвижнит имот Фондот за пензиско и инавлидско осигурување на Македонија ги продава на начин и во постапка пропишана со закон.

Акциите од овој член се обични акции.

Надлежност на Фондот за пензиско и
инвалидско осигурување на Македонија
Член 44 46

Надлежностите во врска со следењето на обврските на плаќањата на акции и удели, како и плаќањата на акции и удели под повластени услови, произлезени од договорите склучени во постапка на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно на договорите склучени во постапка за приватизација на државниот капитал, како и стекнати по основ на закон, се пренесуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, во рок од 40 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Од денот на влегување во сила на овој закон, на име на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија се запишуваат и акциите и уделите со кои ќе се стекне Република Македонија врз основа на нереализирани, раскинати, поништени или ништовни договори, склучени согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал.

Акциите од овој член се обични акции.

Запишани а неуплатени акции и удели

Член 45 47

Акциите и уделите запишани на правни и физички лица, врз основа на договорите за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и договорите за приватизација на државен капитал, за кои правните и физичките лица нема да ја извршат обврската за плаќање на запишаните акции и удели на начин и во рок утврден со закон и со договор, во рок од 45 дена од денот на влегување во сила на овој закон, се пренесуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, и Министерството за финансии ќе изготват заедничка листа на трговски друштва кај кои не е извршена обврската за плаќање од став 1 на овој член и истата во рок од 20 дена од денот на влегување во сила на овој закон, ќе ја достават до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон писмено ќе ги извести Централниот регистар на Република Македонија и овластениот депозитар за хартии од вредност, за потребата од промена на уписот на акциите и уделите запишани на правни и физички лица од овој член, на име на Фондот за ПИОМ.

По истекот на рокот од став 1 од овој член, капиталот во трговските друштва во Република Македонија изразен во акции и удели, ќе има единствено третман на капитал запишан на физички или правни лица.

Приоритетните акции во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, со денот на продажбата се претвораат во обични.

Годишен извештај

Член 46 48

За извршувањето на надлежностите кои со овој закон му се пренесени на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, на крајот од календарската година, доставува годишен извештај до Владата на Република Македонија.

Престанок на примена

Член 47 49

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за приватизација на државниот капитал (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 74/2005), Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјишта (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/96, 25/9 и 81/99), Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07), освен одредбите од член 89-а од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93,48/93,21/98,25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07), член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/03) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04) кои

продолжуваат да се применуваат  се до донесување на прописот од член 40 од овој закон.

Обврска за усогласување
Член 48 50

Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), Законот за установите ("Службен весник на РМ бр. 32/05, 120/05 и 51/11), Законот за отстапување на деловните средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/97 и 6/2002) и прописите донесени врз основа на овие закони, ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Прописи за извршување на законот
Член 49 51

Прописите за извршување на овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Влегување во сила

Член 50 52

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со законот чие донесување се предлага се создава конзистентна и усогласена правна рамка за управување и располагање со државниот капитал, изразен во акции и удели во трговските друштва во Република Македонија.

Содржината на Законот е систематизирана во VII Дела, со вкупно 50 члена.

### Дел I - ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со законот се уредува управувањето, условите, начинот и постапката за располагање со државниот капитал, како и неговата евиденција.

Во општите одредби на законот опишана е целта на законот, односно овозможување на ефикасно управување и располагање со државниот капитал врз основа на начелата на транспарентност, еднаквост, ефикасност, недискриминација, предвидливост и пропорционалност и дефинирање на основните поими употребени во овој закон, а особено јасно разграничување на тоа што се подразбира по поимот државен капитал, како и дефинирање на поимите кои се употребуваат во законот.

### Дел II - НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

Во вториот дел од законот се утврдуваат надлежностите на Владата на Република Македонија, како орган надлежен за управување и располагање со државниот капитал. Во оваа смисла, со законот е утврдено дека Владата на Република Македонија одлучува за условите, начинот и критериумите за продажба на државниот капитал, одлучува за почетната продажна цена на државниот капитал, за продажбата на државниот капитал одделно и/или заедно со акциите и уделите во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија; за избор на најповолна понуда во случај на продажба на државниот капитал по пат на јавен повик, или за поништување на постапката, назначува полномошници во друштвата во кои Република Македонија има државен капитал и формира Комисија за спроведување на постапката за продажба на државен капитал во случај на продажба по пат на јавен повик. Постапката пак за продажба на државниот капитал, во име на Владата на Република Македонија, ја спроведува министерството надлежно за областа во која друштвото, чии акции или удели се продаваат ја врши претежната дејност.

### Дел III - УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

Во поглед на управувањето со државниот капитал законот утврдува дека Владата на Република Македонија ги остварува правата на содружник, или акционер во друштвото преку овластен полномошник, назначен од страна на Владата, на предлог на надлежниот министер. Полномошникот ги остварува правата на содружник или акционер на собирот на содружници, односно собранието на акционери во согласност со закон и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија, односно доставува годишен извешатај до Владата, заклучно со месец април секоја година за претходната година, или по потреба на барање на Владата и почесто. Предвидено е донесување на подзаконски акт со кој министерот за економија ќе го пропише Образецот на полномошното за претставување на државниот капитал.

Дел IV - РАСПОЛАГАЊЕ СО ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ

По однос на располагањето со државниот капитал, во законот се предвидени два начини на продажба на државниот капитал и тоа: јавна берзанска аукција, или со јавен повик. Државниот капитал може да се продава  заедно со акциите и уделите на Фондот за пензиско и инвалидското осигурување на Македонија заради продажба на мнозински пакет, согласно одредбите на овој закон. Начинот и постапката за продажба на државниот капитал, содржината на објавите и огласите, како и критериумите за учество во постапката и критериумите за евалуација на понудите поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија, со подзаконски акт. Во купувањето на државниот капитал можат да учествуваат домашни и странски, правни и физички лица или групи на такви лица. Државниот капитал предмет на продажба согласно со овој закон се изразува во ЕВРА, а може да се плаќа со денари. Средствата остварени од продажбата на државниот капитал се приход на Буџетот на Република Македонија, а средствата остварени од продажба на акциите и уделите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија се приход на Фондот.

Со законот е предвиден начинот на утврдување на почетната продажна цена на државниот капитал и тоа: според пазарна вредност на државниот капитал, или според проценетата вредност на државниот капитал, утврдена од страна на овластен проценител, според прописите кои ја регулираат дејноста на процена на трговско друштво. Законот предвидува и под кои услови Владата на Република Македонија може да донесе одлука за намалување на почетната продажна цена на државниот капитал и тоа во случаите кога државниот капитал нема да се продаде според пазарната, односно според проценетата вредност, при што е утврдено дека во случај кога државниот капитал нема да биде продаден по проценетата почетна продажна цена, одлуката од став 1 на овој член може да се донесе најмногу во рок од една година од изготвување на последната процена на вредноста на друштвото од страна на овластен проценител. Во случај на повторна продажба на државниот капитал по истек на овој рок, за друштвото се изготвува нова процена.

Продажбата по пат на јавна берзанска аукција се врши на Македонската берза за хартии од вредност, во согласност со процедурите за тргување на акциите и уделите донесени од страна на Берзата, а налогот за продажба го издава надлежниот министер. Предвидено е дека продажбата на јавна берзанска аукција се објавува во “Службен весник на Република Македонија“ и најмалку во еден од дневните весници што излегуваат во Република Македонија, веб страницата на берзата и на веб страницата на надлежното министерство, најдоцна 14 календарски дена пред почетокот на продажбата, а дадена е можност за објава и во дневен весник што излегува на еден од јазиците на заедниците во Република Македонија, како и по потреба и во меѓународно јавно гласило. Содржината на оваа објава поблиску ја пропишува, Владата на Република Македонија.

Продажбата по пат на јавен повик е предвидена во случаите кога Владата на Република Македонија, покрај цената на државниот капитал предвидува и исполнување на други услови за избор на најповолна понуда. Предвидени се два начини на продажба по пат на јавен повик и тоа по пат на отворена постапка или ограничена постапка, на начин и во постапка пропишана со законот. Содржината на јавниот повик поблиску ја пропишува Владата на Република Македонија.

Со законот е предвидено учеството на јавниот повик да е условено со доставување на гаранција за учество во вид на депонирани средства или банкарска гаранција која не може да бид помала од 5 % од почетната продажна цена на државниот капитал, како и начинот и условите за враќање на гаранцијата, односно наплата на истата.

Постапката за продажба на државниот капитал по пат на јавен повик ја спроведува Комисија за спроведување на постапка формирана од страна на Владата на Република Македонија, со одлуката за отпочнување на постапката, а на предлог на надлежниот министер. Предвидено е Комисијата да биде составена од претседател и најмалку четири члена и нивни заменици од областа на економијата, правото и други релевантни области, во зависност од областа во која друштвото, чии акции или удели се продаваат, ја врши претежната дејност. Понатаму, уредени се надлежностите на Комисијата и начинот на гласање и одлучување. Комисијата изготвува извештај за евалуација на понудите и ранг листа на понудувачи, кои ги доставува до надлежниот министер, кој пак и предлага на Владата на Република Македонија да донесе одлука за избор на најповолна понуда, врз основа на која одлука, надлежниот министер, по претходно овластување од страна на Владата на Република Македонија го склучува договорот за купопродажба на државен капитал. Законот предвидува и можност за засновање на заложно право на државниот капитал изразен во акции и удели, на начин и во постапка утврдена со закон. За разлика од законите кои се на сила, со Предлог законот се предвидени начинот и условите за поништување на постапката.

Дел V - ЕВИДЕНЦИЈА

Со законот е предвидена одредба според која евиденцијата на државниот капитал во друштвата, во име и за сметка на Република Македонија, ја води Централниот регистар на Република Македонија, на пропишан образец. Во оваа насока,  пропишана е обврска за надлежното министерство, во рок од 3 дена од реализација на продажбата на државен капитал да го извести Централниот регистар на РМ за извршената продажба, заради евиденција на промената на сопственоста на државниот капитал. За продажбата на државен капитал изразен во акции, овластениот депозитар за хартии од вредност е предвидено веднаш по порамнување на берзанската трансакција да го извести Централниот регистар на РМ заради евидентирање на промена во сопственоста на при продажба на државниот капитал изразен во акции.

Дел VI - ПРАВНА ЗАШТИТА И НАДЗОР

Во делот на правната заштита, против одлуката за избор на најповолна понуда или одлуката за поништување на постапката, предвидено е право на жалба во рок од 15 дена од приемот на одлуката, а против одлуката за способност на кандидатите кај ограничената постапка, незадоволните кандидати можат да поднесат жалба, по донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена.

Дел VII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлог законот предвидува преоден режим за постапки за продажба акции и удели, отпочнати пред влегувањето во сила на овој закон, за кои јавниот повик е во важност на денот на влегувањето во сила на законот, како и на договорите склучени пред започнување на примената на овој закон, за кои ќе се применуваат одредбите од Законот за приватизација на државниот капитал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 74/2005) и Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/00, 6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07).

За претпријатијата кои согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал или посебен закон ја започнале, а до денот на влегување во сила не ја завршиле постапката за трансформација на општествениот капитал, односно не се запишале како трговско друштво во Централниот регистар на РМ предвидена е нивна ликвидација, која ќе се спроведе согласно Законот за трговските друштва и нивно бришење од соодветниот регистар. Ликвидација и бришење ќе се спроведе и над претпријатијата кои, врз основа на посебен закон можеле да ја отпочнат постапката за трансформација на општествениот капитал, а тоа не го сториле до денот на влегувањето во сила на овој закон. Со законот е пропишана постапка за бришење од соодветниот регистар од страна на Централниот регистар на Република Македонија, преку едношалтерскиот систем, а врз основа на предлог доставен од страна на Управата за јавни приходи. Со овие одредби всушност се предвидува бришење на неактивните субјекти, кои имале обврска согласно постоечките закони да ја спроведат нивната сопственичка трансформација, а тоа не го сториле до влегување во сила на Предлог законот.

Со законот се предвидува престанок на надлежностите на Комисијата за приватизација произлезени од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за приватизација на државниот капитал и Законот за за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели и нивно пренесување на Владата на Република Македонија. Во оваа смисла, предвидено е започнатите постапки пред Комисијата за приватизација да завршат во рок од 6 месеци од влегување во сила на овој закон, до кога ќе се донесе посебен пропис со кој ќе се уреди надлежноста на поранешното Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија пренесена со посебен закон на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија, како и надлежноста на Владата на Република Македонија во постапувањето со овие предмети. Против одлуките на Владата по овој основ, ќе може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Со законот предвидена е одредба според која, за судските постапки кои се во тек на денот на влегувањето во сила на овој закон, а во кои Агенцијата на Република Македонија за приватизација, односно нејзините правни наследници се страни во спорот или на друг начин се учесници во спорот, Државното правобранителство на Република Македонија, на секои три месеци, да ја информира Владата на Република Македонија.

Прописите за извршување на овој закон, предвидено е да се донесат во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Заради потребата од ажурирање на податоците на државен капитал во соодветнитната евиденција, предвидено е овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Македонија, акциите и уделите кои се водат на име на буџетските корисници - (освен Фондот за ПИОМ и општините, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, да ги запишат на име на Република Македонија.

Промената на уписот, овластениот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Македонија, кај овие субјектите ќе ја извршат со додавање на зборовите: “Република Македонија – “, пред називот на секој од субјектите утврден во листата која до овие институции ќе ја достави Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии. Понатаму, предвидено е Централниот регистар на Република Македонија и овластениот депозитар за хартии од вредност, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на законот, акциите и уделите запишани на име на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и Агенцијата на Република Македонија за приватизација, да ги запишат на име на Фондот за пензинско и инвалидско осигурување на Македонија, а врз основа и како континуитет на одредбата од член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријата со општествен капитал, според која по престанокот на Агенцијата за приватизација, акциите на Агенцијата и на РМ се пренесуваат на Фондот за ПИОМ.

Со законот се предвидува надлежностите во врска со следењето на обврските на плаќањата на акции и удели, како и плаќањата на акции и удели под повластени услови, произлезени од договорите склучени во постапка на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно на договорите склучени во постапка за приватизација на државниот капитал, како и стекнати по основ на закон, кои до сега ги следеа две институции – Фонд за ПИОМ и Министерство за финансии, да се пренесат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, од практични причини и потреба од воспоставување на поедноставено следење на овие плаќања. За акциите и уделите запишани на правни и физички лица, а кои нема да ја извршат оваа обврска за плаќање на акциите и уделите на начин и во рок утврден со договор, делот на запишаниот а не уплатен износ на акциите и удели, Централниот регистар на Република Македонија и овластениот депозитар за хартии од вредност, врз основа на добиено известување од страна на Владата на Република Македонија, ги запишуваат на име на Фондот.

Предвидена е обврска за Фондот за ПИОМ и Министерството за финансии да изготват заедничка листа на трговски друштва кај кои не е извршена обврската за плаќање по договорите за трансформација/приватизација и истата во рок од 20 дена од денот на влегување во сила на овој закон, да ја достават до Владата на Република Македонија, која ќе ги извести Централниот регистар на Република Македонија и овластениот депозитар за хартии од вредност, за потребата од промена на уписот на акциите и уделите, на име на Фондот за ПИОМ. Ова од причина што во определени друштва се уште постои општествен капитал, а со законот се предвидува дека по истек на определен рок предвиден во законот, капиталот во трговските друштва во Република Македонија изразен во акции и удели, да има единствено третман на капитал запишан на физички или правни лица.

Одредбата од член 32 е преземена од постоечкиот Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.
Со одредбата од член 33 предвидено е органите на државната управа, судовите, Државното правобранителство на Република Македонија, Јавното обвинителство, Државна комисија за спречување корупција, Народниот правобранител и другите државни институции и органите на единиците на локалната самоуправа, вештаци назначени од суд, како и правни и физички лица со утврден правен интерес да имаат право на увид и прибавување на копие од документацијата на поранешната Агенција на РМ за приватизација, која се наоѓа во Државниот архив на Република Македонија, на начин, во постапка и според условите на работењето на Државниот архив.
Со одредбата од член 46 се предвидува престанок на важење на Законот за приватизација на државниот капитал (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 74/2005), Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои

стопанисуваат со земјоделско земјишта (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/96, 25/9 и 81/99), Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93,48/93,21/98,25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07), освен одредбите од член 89-а од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/93,48/93,21/98,25/99, 39/99, 81/99, 49/00,6/02, 31/03, 38/04, 35/06 и 84/07), член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/03) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04) кои продолжуваат да важат, се до донесување на прописот од член 39 од овој закон.
Со законот се предвидува обврска за усогласување на Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), Законот за установите (“Службен весник на РМ бр. 32/05, 120/05 и 51/11), Законот за отстапување на деловните средства од страна на претпријатијата во коишто Република Македонија и Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/97 и 6/2002) и прописите донесени врз основа на овие закони, кое е предвидено да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегување во сила на законот. Ова од причина што споменатите закони содржат одредби кои упатуваат на примена на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно Законот за приватизација на државниот капитал, кои престануваат да важат со донесувањето на овој закон.
Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби во законот се меѓусебно поврзани во одделни взаемни решенија во самиот Закон. Во одделни решенија од Законот се користат упатувачки одредби за примена на други закони, како што се прописите кои ја уредуваат продажбата на акциите и уделите на Фондот за ПИОМ.

Од Законот произлегува донесување подзаконски акти со кои ќе се пропишат: образецот на полномошното за претстаниот на државниот капитал при учество на собир на содружници или собраие на акционери, начинот и постапката за продажба на државен капитал, условите, критериумите за учество и критериумите за евалуација, елементите и содржината на јавниот повик за продажба на акции и удели, прописот со кој ќе се уреди надлежноста на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Република Македонија, како и надлежноста на Владата на Република Македонија во постапувањето со предмети кои произлегуваат од пренесената надлежност на Комисијата за приватизација, формата и содржината на евиденцијата на државниот капитал што ја води Централниот регистар на РМ.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Законот чие што донесување се предлага, се регулира на соодветен начин управувањето и располагањето на државниот капитал во трговските друштва во Република Македонија, потреба што произлезе од потешкотиите со кои се соочија надлежните државни органи при примената на Законот за трансформација на претпријатиата со општествен капитал и Законот за приватизација на државниот капитал.